ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09 – 56/2**

**Дата: 10.01.2011**

**ДО**

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ „ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ - СЕНИЌ“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ” – Скопје - сметка на основен буџет - 631, за 2009 година.

Ревизијата утврди дека е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките од претходната ревизија за 2003 година со оглед на тоа што најголем број од препораките се имплементирани, односно 67% се спроведени и 33% делумно се спроведени.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ” – Скопје констатиравме несоодветна примена на сметководственото начело на парично искажување, неправилно извршен попис на побарувањата, неуредна и неажурна сметководствена евиденција во деловните книги и несоодветно спроведени книжења и грешки кои се одразуваат на вистинитоста и објективноста на податоците во финансиските извештаи. Ревизијата утврди и неусогласеност со релевантната законска регулатива во делот на спроведување на постапките за издавање на простор и објекти под закуп и непреземање на мерки за наплата на побарувања од претходни години.

Со цел подобрување на состојбата во Домот ревизијата дава препораки за преземање на конкретни мерки и активности во поглед на примена на сметководственото начело на парично искажување, квалитетно и навремено извршување на пописот на средствата и изворите на средства, усогласување на спроведените постапки за издавање на простор и објекти под закуп со важечката законска регулатива и навремена и целосна наплата на побарувањата по овој основ.

## Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 11 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ” – Скопје (во понатамошниот текст ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје) - сметка на основен буџет - 631, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2003 година и издадени се извештаи за финансиските извештаи на ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Рамазан Шаќири – директор од 27.02.2008 година до 07.12.2009 година,
- Д-р Исмаил Абази, ВД директор од 07.12.2009 година до 17.04.2010 година, од кога е именуван за директор на ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување на ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот не применува соодветно сметководственото начело во деловните книги, не е спроведен целосен и квалитетен попис на побарувањата и не води уредна и

ажурна сметководствена евиденција што се одразува на вистинитоста и објективноста на податоците во финансиските извештаи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување на ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.09.2010 до 29.10.2010 година во ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2003 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во овој извештај.

Од вкупно 3 препораки дадени во конечниот извештај на ОДР за 2003 година, од страна на ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје спроведени се 2 препораки и 1 препорака е делумно спроведена (Табела бр.1). Наведеното укажува дека во ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје е направен задоволителен напредок во имплементацијата на дадените препораки во Конечниот извештај на ОДР за 2003 година. ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје треба да продолжи да ги имплементира и останатите препораки во дадените рокови.

**Табела бр.1. Статус на препораките на денот на вршењето на ревизијата**

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2003** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во %** |
| Спроведени | 2 | 67 |
| Делумно спроведени | 1 | 33 |
| **Вкупно** | **3** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 02.11.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 22.11.2010 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-153/5 од 22.11.2010 година.
Констатирани се следните состојби:

### 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1 Наодите кои се изнесени во точка 4.2.3 од Извештајот за сметката на основен буџет- 603, во врска со ангажирање на фирма за водење на сметководствено-финансиски работи во ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности – 631.

4.1.2 Наодите кои се изнесени во точка 4.2.5. од Извештајот за сметката на основен буџет-603, а се однесуваат на нецелосно извршениот попис на побарувањата и обврските, поради што ревизијата неможеше да ги потврди состојбите во деловните книги, важат и за сметката на буџетот од самофинансирачки активности - 631.

4.1.3 Во годината предмет на ревизија и во претходните години, за просторот и објектите на ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје дадени под закуп, склучени се договори со физички и правни лица без спроведување на соодветна постапка и без утврдување на почетната цена што не е во согласност со член 48 до 51 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, по пат на јавно наддавање, заради реална проценка на пазарните цени. Постапките не се поткрепени со соодветно барање и добиена согласност од МОН, а наплатените средства од закупнина не се уплаќаат во Буџетот на РМ согласно член 7 од наведениотЗакон. Трошоците за комуналии се паушално одредени без утврдување на висината на реалниот потрошок за комуналии. За одредување на висината на приходите од закуп на деловен простор не е донесен ниту акт – одлука од страна на УО. Од причина што постапката за издавање не е спроведена транспарентно и во согласност со закон, создаден е ризик од бесправно стекнување имотна корист од страна на закупопримачот и зголемен ризик од ненаплатливост на побарувањата.

**Препораки**

- Директорот и УО на ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје да извршат ревидирање на склучените договори за издавање под закуп на просторот и објектите и за истите да спроведе постапки согласно законот, по претходно добиена согласност од МОН.
- Одговорните лица во Домот да преземат мерки за утврдување на висината на реалните трошоци за комуналии кои ќе ги надоместуваат закупците.

## 4.2 Финансиски извештаи

4.2.1 Наодите кои се изнесени во точка 4.3.1 од Извештајот за сметката на основен буџет- 603, во врска со неводење на деловните книги на начин пропишан во Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности – 631. Разликата која што е утврдена во активата и пасивата во Билансот на состојба во однос на бруто билансот и заклучниот лист кај оваа сметка за 2009 година изнесува 49 илјади денари. Утврдени се поединечни разлики во искажаните средства (тековни) и обврските и изворите на средства и поединечни разлики во искажувањето на приходите и расходите во одделни групи на приходи и расходи за двете години.

**Биланс на состојба**

4.2.2 Ревизијата не доби компетентни и релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на побарувањата од закупнина и остварениот приход во деловните книги по овој основ, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, член 18 од Законот за облигационите односи и член 37-б од Законот за буџетите, поради следното:

- ДСД не води книга на излезни фактури како помошна книга што не е во согласност со член 7 од Правилникот и член 8 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Не се применува сметководственото начело на парично искажување, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно побарувањата не се евидентираат преку сметките за пасивни временски разграничувања.

- Не се води уредна и ажурна сметководствена евиденција во деловните книги на Домот и несоодветно се спроведени книжења и направени грешки на настанати деловни промени во тековната година за износ од 60 илјади денари.
- Не е извршено фактурирање за издаден деловен простор под закуп од претходни години за износ од 90 илјади денари, поради што не се прикажани ни побарувања во деловните книги на Домот.

Ваквиот начин на водење на сметководство има за резултат необјективно и нереално прикажување на билансните позиции во деловните книги и финансиските извештаи за 2009 година и создава можност од ненаплативост на побарувањата и помалку остварен приход.

**Препораки**

- Одговорниот сметководител да ги утврди, корегира и спроведе констатираните разлики од тековната и претходните години на неусогласеност на билансните позиции во финансиските извештаи врз основа на спроведени книжења во деловните книги, согласно сметководственото начело на парично искажување.
- Раководните органи на ДСД Сениќ да преземат мерки за наплата на ненаплатените побарувања, пред истекот на рокот на застареност согласно Законот за облигационите односи и за обезбедување на наплатата на идните побарувања во случај на задоцнување или неисплаќање на договорената цена за закупот.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.3 Наодите кои се изнесени во точка 4.3.8. од Извештајот за сметката на основен буџет-603, се однесуваат и на оваа сметка – 631, заради извршени плаќања по судски решенија во износ од 568 илјади денари.

## 5. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точките 4.1 и 4.2, а кои се однесуваат на неуредно и неажурно сметководство, неточни податоци во финансиските извештаи, нецелосен и неквалитетно извршен попис на побарувањата, несоодветно спроведени книжења и грешки во деловните книги, ревизијата не изразува уверување за реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции во

Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година и Билансот на приходи и расходи за 2009 година на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1 и 4.2 од овој извештај, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ” – Скопје - сметка на основен буџет-631, на ден 31 декември 2009 година, и за резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1 и 4.2 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ” – Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Обрнуваме внимание на следното:
ДСД „Томе Стефановски – Сеник“ се јавува во улога на тужител заради бесправно користење на простории под наем. Имено, Домот по спроведена постапка за издавање на закуп на деловен простор согласно Законот за користење и избор на најповолен закупец, на неколку наврати го известил дотогашниот закупец дека го раскинува склучениот договор и согласно договорот закупецот има право на отказен рок од 60 дена, во кој рок е потребно да го напушти деловниот простор испразнет од ствари и да го предаде во владение на Домот. Закупецот не ги напуштил просториите поради што Домот во текот на 2009 година покренал тужба бр. VI ТС.бр.272/09 за наплата на побарување по основ на непредавање во сопственост и надомест на штета поради неможност од користење на недвижен имот, во износ од 1.304 илјади денари и законска затезна камата пресметана до денот на исплатата. До денот на вршење на ревизијата судскиот спор не е завршен.

Скопје, 29.12.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 723 | 694 |
| Трансфери и донации | 86 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **809** | **694** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 143 | 380 |
| Каматни плаќања | 556 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **699** | **380** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 228 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **228** |
| **Вкупно расходи** | **699** | **608** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **110** | **86** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 0 | 9 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **110** | **77** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 110 | 77 |
| Обврски за данок на добивка | | |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **110** | **77** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 110 | 86 |
| Побарувања | 364 | 418 |
| Побарувања од државата и други институции | 20 | 13 |
| Активни временски разграничувања | 53 | 10 |
| **Вкупно тековни средства** | **547** | **527** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **547** | **527** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 49 | 23 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 20 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 478 | 504 |
| **Вкупно тековни обврски** | **547** | **527** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **547** | **527** |